

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**2-9 јан 2025 Билтен бр. 581**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЛЕКУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА

**Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, се објавува јавен повик за еднократен паричен надомест за:**

**-Лица/ семејства во состојба на социјален ризик**

**– Лекување**

**– Елементарна непогода ( поплава, пожар )**

**I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица/ семејства жители на Општина Карпош (се докажува со лична карта )**

**Потребни документи**

**За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање.**

**III. Висина на финансиката поддршка**

**Поднесените барања со комплетна документација ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од Градоначалникот и врз основа на документите и направениот увид во домот на подносителот на барањето , ја одредува висината на еднократната парична помош , која неможе да биде повисока од 30.000,оо денари, а се доделува еднаш во годината.**

**Повеќе информации на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО- ПОСВОЕНО ДЕТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, се доделува парична помош за секое новородено- посвоено дете на територијата на Општина Карпош доколку се исполнети следниве критериуми:**

**Критериуми**

**Родителите на новороденото/ посвоеното дете да се жители на Општина Карпош (еден од родителите да е жител на Општина Карпош најмалку 3 години),што се утврдува со документ за лична идентификација**
**На денот на поднесување на Барањето, новороденчето/посвоеното дете да не е постаро од 90 дена**
**Доколку и двајцата родители се вработени вкупните приходи да не бидат повисоки од 60.000,00 , а доколку едниот или двајцата родители се невработени тоа се докажува со потврда од Агенцијата за вработување на РСМ.**

**Потребни документи**

**За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање.**

**Повеќе информации на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**

# О Г Л А С ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

**Право на пријавување**
**На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста детска, социјална и здравствена заштита во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на детската, социјалната и здравствена заштита во општината и пошироко.**

**Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата**

**Потребни документи и услови за учество**
**Физички лица:**

**Лична карта во фотокопија,**
**Изработен проект и**
**Финансиски план на проектот ( административни и комуникациски трошоци,материјали за работа, хонорари со вклучен персонален данок )**

**Повеќе информации на нашата веб страница**
**www.karpos.gov.mk**

# КАРПОШ ПОДГОТВЕН ЗА СНЕЖНИОТ БРАН

**Почитувани,**
**Во текот на попладневните часови од страна на Општина Карпош беше ангажирано едно специјализирано возило кое фрли 20 тони сол по главните улици во населбите Жданец и Горно Нерези за да се спречи појава на голомразица, а со цел подготвено да ги пречекаме ниските температури и врнежите од снег што деновиве ги најавуваат од Управата за хидрометеоролошки работи. Во случај на поинтензивни врнежи од снег во текот на ноќта и во утринските часови, локалната власт е подготвена да интервенира на сите сервисни улици кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош. Посебно внимание ќе се посвети на т.н. „критични точки" спрема Бардовци, Трнодол, патот за Горно Нерези, како и во Жданец на улицата Теодосиј Синаитски.**



# БАДНИКОВИ ПОВОРКИ

**Денеска на Бадник, ден пред големиот христијански празник Божиќ, педесетина коледарчиња, кои учествуваа во Бадниковата поворка во Бардовци, го посетија градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски.**

**Коледарите носеа Божиќни ѕвезди кои симболично го осветлуваа патот по кој се движеа бадникарите, а откако прошетаа низ Бардовци, дојдоа во просториите на општина Карпош каде што беа пречекани од градоначалникот. Младите бадникари ја испеаја Божиќната песна „Вечниот Бог“, а градоначалникот Јакимовски им посака среќни Новогодишни и Божиќни празници и во духот на Христовото раѓање, на дечињата им подели божиќни пакетчиња.**
**Бадниковата поворка и годинава беше организирана од црквата Света Троица од Бардовци, по повод Христовото раѓање, а беше поддржана од општина Карпош со 100.000 денари.**



## О Г Л А С за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за 2025 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица регистрирани за дејности кои го опфаќаат образованието во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

Физички лица:
1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот со точна пресметка (административни и комуникациски трошоци, материјали за работа, хонорари со вклучен персонален данок)

Повеќе информации на нашата веб страница
www.karpos.gov.mk

# УПРАВНИОТ СУД НА РСМ ГО ПОНИШТИ ПРЕТХОДНОТО РЕШЕНИЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКИОТ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

**Поради повеќемесечни непринципиелни притисоци кои беа упатени до поединци од Секторот за урбанизам при Општина Карпош, локалната самоуправа има должност да ја информира јавноста, во врска со одобрението за градење број УП 1 бр. 47-560 од 18.01.2024 година издадено на инвеститорите „ЗСФ Ком“ ДООЕЛ Скопје и „Делта 2015 Констракшн“ ДООЕЛ Скопје, на улица Никола Русински.**

**Имено, од страна на Управниот суд на РСМ доставена е пресуда до Секторот за урбанизам на Општина Карпош, која се однесува на утврдување на законитоста при издавање на градежна дозвола за предметната локација и законитоста на позитивното конзерваторско мислење бр. 08-688/3 од 08.11.2023 година, со која се поништува решението на претходното конзерваторско мислење.**

**Управниот суд на РСМ донесе одлука со која, поништувањето на решението на позитивното конзерваторско мислење од страна на НУ Козерваторски центар – Скопје е неправилно и незаконито, од причини што во правниот промет не можат да постојат два правни акта, т.е. две конзерваторски мислења донесени по исто барање, но со сосема различна содржина и притоа да произведуваат различни правни дејства. Затоа второто, (негативното конзерваторско мислење) по службена должност мора да биде повлечено од правниот промет од страна на НУ Козерваторски центар – Скопје, од причини што ваквото постапување на органите сериозно ја доведува во прашање правната сигурност на сите правни и физички лица во РСМ.**

**Против оваа одлука на Управниот суд, незадоволната странка во постапката нема право на жалба. Практично, со оваа одлука на Управниот суд на РСМ се потврдува дека Секторот за урбанизам на Општина Карпош постапил законито, при издавањето на дозволата за градба на горенаведената зграда.**